Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 60, 16 мај 2011 година

мај 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно- научната област електротехника на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент од областа транспортна механизација на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент во наставно-научната област енологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент во областа машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 13

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области електротехника и електромашинство на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент/ вонреден професор за наставно-научната област стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 27

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент/помлад асистент за подрачјето биотехнологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 36

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област дизајнирање на текстил и облека - на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 41

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно - научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 44

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало „Практикум по основи на природните науки за одделенска настава“ од д-р Снежана Ставрева-Веселиновска и асистент Милена Ѓокиќ, Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 60

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ/ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА ПОДРАЧЈЕТО БИОТЕХНОЛОГИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП**

Со Одлука бр. 1802-100/9 од 18.4.2011 година, на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип е формирана Рецензентска комисија за избор на еден соработник во звање ***асистент/помлад асистент*** во подрачјето ***биотехнологија*** за Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, во следниов состав:

– проф. д-р Лилјана Колева-Гудева, вонреден професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– проф. д-р Верица Илиева, вонреден професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– проф. д-р Рубин Гулабоски, вонреден професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Врз основа на доставената документација и личното познавање на некои од кандидатите, чест ни е до Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип да го доставиме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На Конкурсот објавен на 4.4.2011 година во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ се пријавија следниве кандидати:

1. Наталија Петровска (дипломиран инженер по преработка на анимални производи),
2. Љубинка Дојчинова (дипломиран земјоделски инженер),
3. Ѓорѓи Николов (дипломиран земјоделски инженер),
4. Марија Стојаноска (дипломиран инженер по прехранбена технологија),
5. Весна Санева (магистер по биотехнички науки) и
6. Емилија Христова (магистер по молекуларна биологија и биотехнологија).

***Биографски податоци***

1. Кандидатката **Наталија Петровска** е родена на 4 април 1985 година во Штип, каде завршува основно и средно образование. Во учебната 2003/2004 година се запишува на Биотехнички факултет при Универзитет „Св. Климент Охдридски” во Битола. Дипломира во 2007 година, при што се стекнува со звање **дипломиран инженер по преработка на анимални производи**. Кандидатката ги владее англискиот и германскиот јазик, има познавање од неколку компјутерски програми, а има доставено и сертификат за примена на HACCP системот во угостителски објекти. Од 2009 година е студент на постдипломските студии на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на насоката Контрола и преработка на анимални производи. Кандидатката сè уште не се стекнала со научен степен магистер.

2. Кандидатката **Љубинка Дојчинова** (моминско Малчева) е родена на 14 јули 1968 година во Кочани, каде завршува основно и средно образование. Дипломирала на Земјоделскиот факултет во Скопје во 1992 година, со просек 8,53, при што се стекнува со звање **дипломиран земјоделски инженер**. Запишана е на постдипломски студии на Групата за зрнести и клубенести култури на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Сите предвидени испити од постдипломските студии ги положува со просечна оценка 8,83. Кандидатката ги познава англискиот и францускиот јазик и има познавање од неколку компјутерски програми. Кандидатката сè уште не се стекнала со научен степен магистер.

3. Кандидатот **Ѓорѓи Николов** е роден на 25 ноември 1977 година во Штип, каде завршува основно образование, а средно образование завршува во Свети Николе. Дипломира во 2003 година на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. На истиот факултет во 2007 година се запишува на постдипломски студии, на Групата за преживни животни. Сите предвидени испити од постдипломските студии ги положува со просечна оценка 7,42. Кандидатот ги владее англискиот, германскиот и италијанскиот јазик, а исто така има познавање од неколку компјутерски програми. Има презентирано труд на научна манифестација во Македонија со наслов „Современи трендови во производството на говедско месо во Р. Македонија“, одржана на Факултетот за биотехнички науки во Битола (не е наведено во која година). Кандидатот сè уште не се стекнал со научен степен магистер.

4. Кандидатката **Марија Стојаноска** е родена на 28 јули 1976 година во Скопје. Дипломира во 2000 година на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во 2008 година се запишува на специјалистички студии за иновации по прехранбената индустрија. Специјалистичките студии не се завршени. Во 2009 година се запишува на европските магистерски студии на Dublin Institute of Technology во Р. Ирска и во јануари 2011 година се здобива со степен **магистер по наука за храна, технологија и нутриционизам**. Кандидатката наведува дека има работено во прехранбена индустрија во „Swisslion“ во периодот 2002-2009 година и дека има посетено неколку семинари од областа Food Consulting, но нема доставено сертификати од соодветните семинари. Во 2000 година кандидатката учествува на Конгрес за чиста и применета хемија на студентите од Македонија. Кандидатката наведува дека има познавање од неколку копјутерски програми, и ги владее англискиот и италијанскиот јазик, како и основен јапонски јазик. Кандидатката нема доставено документ од нострифицирана диплома за магистерските студии.

5. Кандидатката **Весна Сенева** е родена на 17 мај 1965 година во Штип, каде завршува основно и средно образование. Во 1988 година дипломира на Шумарскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и се стекнува со звање **дипломиран инженер**. Магистрира во 2002 година на биотехнички науки, област шумарство, дендрологија и фитоценологија на Шумарскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и се стекнува со звање **магистер по биотехнички науки од областа на шумарство-дендрологија и фитоценологија**. Кандидатката го владее англискиот јазик и има познавање од неколку копјутерски програми. Кандидатката наведува дека има учествувано во меѓународен проект (нема доставено сетрификат), а е член или претседател во неколку граѓански асоцијации во Р. Македонија.

6. Кандидатката **Емилија Христова** е родена на 4 јули 1986 година во Штип, каде завршува основно и средно образование. Високо образование и магистерски студии по молекуларна биологија и биотехнологија завршува во март 2010 година на Биолошкиот факултет при Универзитетот „Пасиј Хилендарски“ во Пловдив, Р. Бугарија, со просечна оценка 9,96 - како еден од најдобрите студенти, воопшто, дипломирани на Универзитетот во Пловдив, при што се стекнува со звање **магистер по молекуларна биологија и биотехнологија**. Со Решение бр. 09-4164/2 од 2 јули 2010 година, извршена е нострификација на нејзината магистерска диплома во Министерството за образование и наука на Р. Македонија. Од август 2010 година па до денес, магистер Емилија Христова работи како волонтер-истражувач на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и е активна во областите - анализи на семе, саден материјал и GMO детекција. Во текот на постдипломските студии е ангажирана и како аналитичар во областа молекуларна биологија и молекуларна таксономија при Универзитетот во Пловдив. Кандидатката одлично ги владе англскиот, српско-хрватскиот и бугарскиот јазик, а има и одлично искуство во работата со повеќе компјутерски програми. Кандидатката м-р Емилија Христова има искуство и во поголем број на инструментални техники, како: PCR, електрофореза, клонирање, ISSR и електрохемија. М-р Емилија Христова учествува на поголем број работилници и интернационални научни манифестации, а на Интернационалната научна манифестација насловена како „From Molecules to Funcionalised Materials“, што се одржа од 16 до 20 март во Скопје, во рамките на „Stability Pact

for South-Eastern Europe“ проектот ја освои првата награда од интернационалното жири за најдобра научна презентација од едукативен, научен и изведбен поглед. Покрај тоа, м-р Емилија Христова е добитник на неколку интернационални стипендии, а има и сертификати за обуки од областа на безбедноста и здравјето при работа, како и Сертификат за завршена обука со Dickey-John NIR анализатор. Активен член е во проектот SOE-DAAD, финансиран од германската фондација DAAD, како и во интернационалните проекти Building capacity to control broomrape's outbreaks in Western Balkans и „Survey of biodiversity and regional distribution of parasitic Orobanchaceae on Southern and South-Western Balkans“. М-р Емилија Христова е автор на еден научен труд објавен во списание со импакт фактор (0,291 фактор на влијание), и на три други трудови објавени како проширени соопштенија и тоа:

1. E. Hristova, K. Stoyanov. M. Gevezoya, I. Denev, 2011, Application of IISR methods studying Broomrape's (Orobanchaceae) biodiversity in Bulgaria, Biotechnology and Biotechnology Equipment, 25, 1. (http://www.diagnosisp.com/dp/journals/journal.php?journal_id=1, IF 0,291).
2. K. H. Stoyanov, E. L. Hristova, I. D. Denev, 2010, Evaluation of Orobanche sect. Orobanche subsect. Minores in Bulgaria using ISSR marker, Conference of biodiversity and environmental, 24-25 june 2010, Sofia, Bulgaria, Proceedings, p. 92.
3. E. Hristova, K. Stoyanov, I. Denev, 2009, Application of ISSR methods in studying broomrape (Orobanchaceae) biodiversity in South/South-Western Balkans, 1oth World Congress od Parasitic Plants, 8-12 June 2009. Kusadasi, Turkey, Proceedings, p. 45.
4. E. Hristova, 2011, Identification and isolation of gene encoding chloroplast SOD in Haberlea rhodopensis, SOE workshop 16-20 March, Skopje, Proceedings, p. 31.

***Научни и други активности***

Врз основа на поднесената документација на кандидатите, а во согласност со член 17 од Правилникот за критериуми и постапка при избор во звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, како и во согласност со член 129 од Законот за високото образование на Р. Македонија каде стои дека „за помлад асистент може да биде избрано лице кое има завршено академски студии од втор циклус со просечна оценка од најмалку 8,00 (осум), кое се служи со еден од светските јазици и покажува способност за наставно-научна, наставно-стручна, односно наставно-уметничка работа“. Во табелата бр. 1 со релевантните податоци, за сите канидати пријавени по Конкурсот, прикажана е нивната научна и друга активност.

***Табела 1.*** Табеларен приказ за поднесената документација и научната активност на пријавените кандидати

| **Име и презиме** | **Степен на образование** | **Звање** | **Магистерска титула** | **Нострифицирана диплома** | **Трудови во меѓународни списанија** |
|---|---|---|---|---|---|
| Наталија Петровска | прв степен на студии | дипломиран инженер по преработка на анимални производи | нема | / | / |
| Љубинка Дојчинова | прв степен на студии | дипломиран земјоделски инженер | нема | / | / |
| Ѓорѓи Николов | прв степен на студии | дипломиран земјоделски инженер | нема | / | / |
| Марија Стојаноска | прв и втор степен на студии | дипломиран инженер-технолог | да | Нема | нема |
| Весна Сенева | прв и втор степен на студии | магистер по биотехнички науки од областа на шумарство-дендрологија и фитоценологија. | да | / | нема |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Емилија Христова | прв и втор степен на студии | магистер по молекуларна биологија и биотехнологија | да | да | 1 оригинален научен труд и 3 соопштенија на научни интернациони манифестации |

Во согласност со Правилникот за критериуми и постапка при избор во звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, како и во согласност со член 129 од Законот за високото образование на Р. Македонија, кандидатите Наталија Петровска, Љубинка Дојчинова и Ѓорѓи Николов сѐ уште немаат степен магистер и не можат да бидат избрани во звање помлад асистент, додека кандидатката Марија Стојаноска магистрирала надвор од Р. Македонија и сѐ уште нема нострифицирана диплома за научен степен магистер, па според тоа не може да биде избрана во звање помлад асистент. Според тоа, само активностите на кандидатите Весна Сенева и Емилија Христова може да се бодуваат според критериумите за избор во звање на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, што е дадено како прилог на овој извештај.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи ги предвид Правилникот за критериуми и постапка при избор во звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, како и Законот за високото образование на Р. Македонија, по спроведената постапка за избор на помлад асистент/асистент во подрачјето биотехнологија за Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатката м-р Емилија Христова ги исполнува сите услови за избор во звање помлад асистент. М-р Емилија Христова е млада и абициозна кандидатка, со стекнато големо искуство во полето на молекуларната биологија, член е на неколку интернационални научноистражувачки проекти, учесник со усни излагања на повеќе интернационални научни манифестации и е автор на труд во списание со импакт факор. М-р Емилија Христова поседува голем научен потенцијал за научноистражувачка работа, а во исто време поседува сериозни квалитети и знаења од повеќе области, како: хемијата, физиката, математиката и молекуларната биологија. Иако м-р Емилија Христова е доста млад научник, таа е добитник на прва награда на интернационална научна манифестација, што е параметар што укажува на нејзиниот научноистражувачки потенцијал. Врз основа на овие податоци, како и врз основа на нашето лично познавање на кандидатката, **чест ни е да му предложиме на Наставно-научниот совет при Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да ја избере м-р Емилија Христова во звање помлад асистент во подрачјето *биотехнологија.***

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Лилјана Колева-Гудева, с.р.**
**Проф. д-р Верица Илиева, с.р.**
**Проф. д-р Рубин Гулабоски, с.р.**

# П Р И Л О Г

## Табела за вреднување на активностите на пријавените кандидати м-р Весна Сенева и м-р Емилија Христова

А. Поени од активности за кандидатката **м-р Весна Сенева**

| **Вид на активност** | **Поени** |
|---|---|
| Одбранета магистерска теза | 4 |
| Учесник во научен проект | 3 |
| **Вкупно** | **7** |

Б. Поени од активности за кандидатката **м-р Емилија Христова**

| **Вид на активност** | **Поени** |
|---|---|
| Одбранета магистерска теза | **4** |
| Учесник во научен проект | **9** (3 интернационални проекти x 3 поени) |
| Награди признанија за научни постигнувања | **5** (една награда x 5 поени) |
| Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание опфатено со СЦИ/ЦА/ Останати | **9** (еден труд објавен со интернационално списание со импакт фактор x 9 поени) |
| Труд со оригинални научни резултати објавен во зборник на трудови на научен собир | **6** (2 соопштенија објавени во Зборник на трудови на интернациоанли научни манифестации) |
| Учество на стручен собир со реферат, постер | **1** (1 учество на интернационална манифестација со усно излагање x 1 поен) |
| **Вкупно** | **34 поени** |